# Sliki koi se dvi`at



## 1. "AUSTRALIA" - "АВСТРАЛИЈА"

За време на Втората светска војна една англиска аристократка доаѓа во Австралија за да се грижи за имотот, кој го добива во наследство. Ќе се здружи со грубиот Дровер за да го заштити имотот, но и да се спаси од војната.






***Жанр:*** *авантура, драма*

***Времетраење:*** *2ч. 45 мин.*

***Улоги:*** *Никол Кидман, Хаг Џекмен и др.*

***Продукција:*** *"Baz-mark Films"*

## 2. "EDEN LAKE" - "ЕЗЕРОТО ИДН"




Професорката Џени и нејзиното момче Стив решаваат да заминат на заеднички викенд. Стив организира мирен излет во близина на едно езеро сместено во прекрасна шума и сака да ѝ предложи брак на Џени. Но, тогаш нивниот мирен излет се претвора во хорор.

***Жанр:*** *хорор, трилер*

***Времетраење:*** *1ч. 31 мин.*

***Улоги:*** *Кели Рајли, Мајкл Фесбендер и др.*

***Продукција:*** *"Roller-coaster Films"*



## 3. "CADILLAC RECORDS" - "КАДИЛАК РЕКОРДС"

Филмот е приказна за издигнувањето и падот на музичката компанија "Чес Рекордс", која ја основал Леонард Чес. Приказната почнува кога младиот полски емигрант, сопственик на бар, Леонард Чес, ќе најми дуо талентирани, но не многу дисциплинирани млади момчиња, свирачи на блуз.






***Жанр:*** *драма, мјузикл*

***Времетраење:*** *1ч. 49 мин.*

***Улоги:*** *Адријан Броди, Џефри Рајт и др.*

***Продукција:*** *"Park-wood Pictures"*

## 4. "THE GUITAR" - "ГИТАРАТА"




Филмот е приказна за духовната и креативната трансформација на една жена. Едно утро кога ќе се разбуди Мелоди Вајлдер, која работи како продавачка во ресторан за брза храна, оди на доктор и дознава дека нејзиниот тумор на грлото напредува и е канцероген.

***Жанр:*** *драма, романтика*

***Времетраење:*** *1ч. 35 мин.*

***Улоги:*** *Сафрон Бароус, Исак де Банколи и др.*

***Продукција:*** *"Apple Creek Productions"*

